# Реформската агенда 2024 - 2027 и дигитализацијата во Република Северна Македонија

– преглед на постигнувања –

**Скопје, април 2025**

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

# Вовед

Северна Македонија постигна значителен напредок во процесот на пристапување кон Европската Унија, особено со одржувањето на првата Меѓувладина конференција во јули 2022 година, што означи нова фаза во пристапниот процес. Еден од клучните аспекти на пристапните реформи е дигитализацијата на јавната администрација, што освен што ја зголемува транспарентноста и ефикасноста, директно придонесува во борбата против корупцијата.

Извештаите на Европската комисија за Северна Македонија од последните три години даваат јасен приказ за напредокот и предизвиците. Во 2022 година, Северна Македонија беше пофалена за напорите во спроведувањето на реформите, а во годишниот извештај беше нотирана важноста на првата Меѓувладина конференција одржана во јули 2022 година. Следната година, во 2023 година, Европската комисија забележа дека Северна Македонија постигнала добро ниво на подготвеност и напредок во усогласувањето со надворешната и безбедносната политика на Унијата. Дополнителни пофалби беа доделени и за покажување на високо ниво на посветеност за време на билатералниот скрининг.

Во однос на дигитализација, во извештајот од 2023 година, Комисијата ја нотира надградбата на Националниот портал за електронски услуги и зголемувањето на бројот на институции на платформата за интероперабилност, истовремено забележувајќи дека повеќето државни институции не ја користат платформата поради недостигот од комуникациски софтвер. Понатаму, Комисијата препорачува инвестирање на повеќе напори и овозможување на подобра соработка меѓу институциите за поефикасна модернизација и дигитализација на јавниот сектор.

Извештајот, исто така, го нотира слабиот квалитет на податоците во регистарот на население кој посочува дека треба постојано да се проверува со други регистри. Бројот на регистрирани корисници е низок додека бројот на дигитални услуги што се нудат преку владиниот е-портал останува скромен, имено само 392,  кои како што препознава Извештајот се воглавно услуги што ретко се бараат и користат.

Следната година, во Извештајот од 2024 година, Комисијата ја истакнува потребата за зајакнување на темпото на реформските активности, особено во областите на судството, борбата против корупцијата и организираниот криминал. Истиот извештај забележува дека државата треба да се потруди за целосно спроведување на Законот за општата управна постапка со завршување на дигитализацијата на регистрите на институциите и размената на податоци и поедноставување на електронските постапки.

## Осврт на Реформската агенда за Северна Македонија

Планот за раст за Западен Балкан иницирaн од Европската комисија, има за цел да ги забрза социоекономската конвергенција на земјите од Западен Балкан со ЕУ и спроведувањето на ЕУ реформите. Планот за раст се темели на 4 столба:

- **Подобрување на економската интеграција со Единствениот пазар на Европската унија**, што вклучува усогласување на националните политики и регулативи со оние на ЕУ, со цел да се олесни пристапот до единствениот пазар и да се поттикне економскиот раст;
- **Засилување на економската интеграција во земјите од Западниот Балкан преку Заедничкиот регионален пазар** со фокус на зголемена соработка со соседните земји за подобрена трговија и економска соработка во регионот;
- **Забрзување на фундаменталните реформи** што опфаќа клучни социо-економски реформи и области како што се владеењето на правото, независноста на судството и борбата против корупцијата, со цел да се обезбеди стабилност и доверба во институциите;
- **Зголемување на финансиската помош за реформите** преку финансиски пакет од 6 милијарди евра, од кои 2 милијарди се грантови, со цел да се поддржи и олесни спроведувањето на планираните реформи.

За да ги искористат придобивките од овој план, секоја од земјите од регионот подготви и спроведува своја Реформска агенда.

Реформската агенда на Северна Македонија има за цел забрзано усогласување со стандардите на ЕУ, транспарентно управување, развој на конкурентна и зелена економија и поддршка на пристапниот процес. Таа се фокусира на пет клучни области:

- Управување/ Реформа на јавна администрација и Управување со јавни финансии;
- Енергетска/ Дигитална транзиција;
- Човечки капитал;
- Развој на приватниот сектор и деловното опкружување;
- Фундаментални вредности/ Владеење на правото, вклучително и борбата против.

Преку овие реформи, Северна Македонија настојува да ја забрза интеграцијата во единствениот пазар на ЕУ и економската конвергенција, во согласност со Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан.

Во октомври 2024 година, Министерството за европски прашања ја информираше јавноста дека Европската комисија официјално ја одобри Реформската агенда на Северна Македонија што претставува значаен исчекор во процесот на интеграција на земјата и регионот во Европската Унија. Одобрувањето на агендата отвора пристап до 6 милијарди евра од Фондот за реформи и раст на ЕУ, кои ќе го поддржат трансформативниот процес на Северна Македонија, зајакнувајќи ги демократските институции, човековите права и економската интеграција со ЕУ.

*Кон крајот на март 2025 година, Министерот за европски прашања Орхан Муртезани соопшти дека Северна Македонија доби 52,4 милиони евра претфинансирање во рамките на Инструментот за реформи и раст од страна на Европската комисија, што претставува 7% од вкупната помош од околу 750 милиони евра. Овој чекор ја прави државата прва земја во регионот која добива пристап до овие средства. Дополнително, министерството извести дека имаат поднесено барање за ослободување на 17,1 милиони евра за реализирани реформи до декември 2024 година, рок кој од Европската комисија бил продолжен до февруари 2025 година, со што се потврдува посветеноста на земјата кон спроведување на реформите за евроинтеграција.*

## Дигитализацијата како стратешки приоритет

Со оглед на нејзината важност во евроинтегративните процеси, **дигитализацијата** е дел од Реформска агенда на Северна Македонија како приоритетна политика со посебен акцент на 2.2.1. Кибербезбедност и 2.2.2. Дигитализација.

Клучните институции кои се вклучени во спроведувањето на Реформската агенда од сферата на дигитализација се:

- Министерство за дигитална трансформација;
- Министерство за финансии;
- Министерство за европски прашања;
- Министерство за правда;
- Министерство за внатрешни работи;
- Министерство за администрација;
- Управа за водење на матични книги;
- Државен архив.

## Клучни области на дигитализација со рок на завршување во 2025 година

### Подобласт 2.2.1. Кибербезбедност

**Назив на реформата:** 2.2.1.1 Поставување сеопфатна рамка за киберотпорност (воведувања барања од Директивата NIS2 и зајакнување на релевантните институции)
**Мерка:** Донесување и спроведување законска рамка за кибербезбедност која е целосно усогласена со политиката на ЕУ за кибербезбедност и правото на ЕУ за кибербезбедност, т.е. Законот за безбедност на мрежи и информациски системи и ажурираната стратегија за кибербезбедност.
**Рок:** јуни 2025
**Буџет во евра:** 4,281,623.70 €
**Индикатор за известување:** Опсегот до кој е поставена и оперативна сеопфатна рамка за киберотпорност во согласност со барањата на директивата на NIS2.
**Извори на информации:** Службен весник, Кореспондентна табела, Изјава за усогласеност
**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Службен весник, Собрание

**Напредок:** Во декември 2022 година Европскиот парламент ја донесе НИС 2 Директивата (ЕУ) 2022/2555 во однос на мерките за високо заедничко ниво на сајбер-безбедност низ Унијата. Транспонирањето на Директивата во законско решение соодветно за нашата земја ќе овозможи обезбедување високо ниво на сајбер безбедност и воспоставување на здрави практики и разбирање на потребата од сајбер безбедност преку обуки и кампањи. **Законот за безбедност на мрежи и информациски системи** кој е основа за усогласувањето со NIS2 директивата на Европската унија, по вторпат беше објавен на 29.01.2025 година, по што се одржа јавна расправа и се очекува да влезе во владина постапка. Целта на законот е да обезбеди високо ниво на сајбер отпорност со тоа што предвидува интеграција на сајбер безбедност во секој сегмент од дигиталната трансформација.

Во однос на ажурирана стратегија за кибербезбедност, на 15 октомври 2024 година на ЕНЕР беше објавена Нацрт Национална стратегија за сајбер безбедност 2024-2028 со акциски план, по што на 1 ноември се одржа јавна расправа во организација на Министерство за дигитална трансформација. Стратегијата беше усвоена на 21 јануари 2025 година.

Важно е да се напомене дека и во двата случаи, односно за усогласувањето на Законот за безбедност на мрежи и информациски системи и креирањето на Националната стратегија за сајбер безбедност, во работните групи не беа вклучени граѓанските организации.

## Подобласт 2.2.2. Дигитализација

**Назив на реформата:** 2.2.2.1. Воведување безбедни дигитални инфраструктури
**Мерка:** Донесување на нов Закон за електронските комуникации; усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ; и Законот за гигабит инфраструктура, по неговото влегување во сила во ЕУ
**Рок:** јуни 2025
**Буџет во евра:** 4,281,623.7 €
**Индикатор за известување:** Степенот до кој се воспоставени условите и капацитетите за воведување на безбедна дигитална инфраструктура (ниво на спроведување на релевантното сценарио кое произлегува од Физибилити студиите)
**Извори на информации:** Одлука на Владата, Поднесени извештаи до Владата, Службен весник (Закон за електронските комуникации, Кореспондентна табела, изјава за усогласеност)
**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Влада, Службен весник, Собрание

**Напредок:** На 17 февруари 2025 година, објавено е известување на ЕНЕР за отпочнување на процесот на подготовка на **Закон за електронските комуникации**. Еден месец подоцна, на 11 март 2025 година, објавена е и првата верзија од извештајот за проценка на влијанието на регулативата. Истиот ден објавен е текстот на предлог законот, како и анализата на правната рамка за електронските комуникации во РСМ во насока на усогласување со Регулативата 2024/1309 и Директивата 2018/1972. Во објаснувањето на ЕНЕР за отпочнувањето на процесот се вели дека целта е усогласување со Европскиот законик за електронските комуникации 2018/1972 и Законот за гигабит инфрастуктура 2024/1309 согласно Реформската агенда 2024-2027. Кон крајот на месец март поточно на 28.3.2025 г., Министерството за дигитална трансформација упати покана за јавна расправа за Законот со датум на одржување 1.4.2025 година. Информацијата беше објавена и на веб страницата на поранешното Министерство за информатичко општество и администрација, а сегашно Министерство за јавна администрација на 28.3.2025 година. На двете министерства, информацијата беше објавена во петок, пред продолжен викенд, без воспоставување на контакт користејќи други канали на комуникација, што укажува на слаб интерес од надлежните за соодветно вклучување на засегнати страни. Дополнително, треба да се нотира дека работната група за изработка на нацрт-законското решение вклучуваше само претставници на институции и академската заедница, без широка инклузивност и без застапеност на мрежи на организации и организации со експертиза во областа.

**Назив на реформата:** 2.2.2.2. Дигитализација на јавните услуги
**Мерка:** Усогласување со Регулативата за дигитален идентитет на ЕУ и Регулативата за eIDAS2 со донесување ажуриран Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, вклучително и усогласеност со новата Регулатива за дигитален идентитет на ЕУ, со која се ревидира Регулативата за eIDAS.
**Рокови:** јуни 2025
**Буџет во евра:** 6,422,435.55 €
**Индикатори:** Степен на спроведување на рамката за Паричник за дигитален идентитет

**Извори на информации:** Службен весник (соодветна Регулатива за европски дигитален идентитет и eIDAS2, со која се ревидира Регулативата за eIDAS2), Кореспондентна табела, изјава за усогласеност
**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Влада, Собрание, Министерство за внатрешни работи, Управа за водење на матичните книги, органи на државната управа

**Напредок:** На 12 февруари 2025 година, на платформата ЕНЕР, објавено е соопштение за отпочнување на процес за подготовка на **Закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги**. Во известувањето стои дека целта е усогласување на Законот за електронските документи, електронска идентификација и доверливи услуги со ЕУ Регулативата 2024/1183 во согласност со Планот за раст.

На 12 март 2025 година, објавен е текстот на нацрт законот, како и извештај за проценка на влијанието на регулативата. Законот се очекува да биде донесен до крајот на јуни 2025. Во проценката се вели дека: „Законот обезбедува високо ниво на безбедност на личните податоци, преку примена на напредни технологии како криптографија и двоетапна автентикација. Ќе се создаде правна рамка која ќе гарантира заштита на правата на корисниците и ќе ги стандардизира дигиталните услуги според европските и глобалните практики. Ова решение ќе овозможи интеграција на Република Северна Македонија во европскиот дигитален пазар, што ќе поттикне економски раст и привлекување странски инвестиции. Во исто време, ќе се поддржи инклузивноста на сите граѓани, осигурувајќи им пристап до дигиталните платформи без разлика на нивниот социјален статус или локација.“

Во моментов, немаме информации за составот на работната група за подготовка на овој закон.

**Назив на реформата:** 2.2.2.2. Дигитализација на јавните услуги
**Мерка:** Донесување законодавство за да се овозможи архивирање електронски документи
**Рокови:** јуни 2025
**Буџет во евра:** 4,281,623.7 €
**Индикатори:** Опсегот до кој институциите имплементираат систем за управување со документи кој вклучува модули за складирање податоци и модул или е-платформа за архивско работење.
**Извори на информации:** Службен весник, Кореспондентна табела, изјава за усогласеност (релевантен закон, подзаконски акти и протоколи со кои ќе се регулира Националниот ДМС (DMS)) и архивското работење
**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Влада, Државните архиви, Министерството за јавна администрација

**Напредок:** На 17 февруари 2025 година, Министерството за дигитална трансформација, како надлежна институција, објави на ЕНЕР известување за почеток на процес на подготовка на нацрт – Закон за архивска дејност. На 10 март годинава, објавени се извештај за проценка на влијанието на регулативата и текстот на нацрт – Законот за архивска дејност. Во описот се вели дека „со предлог законот се очекува постигнување пошироки општествени цели и тоа, унапредување и стандардизација на процесите на канцелариското и архивско работење, заштитата, чувањето,

обработката и користењето на архивскиот материјал, како значајно културно наследство на државата и извор на колективната меморија на целокупното општество. Целта на овој закон е воедначено постапување при канцелариско и архивско работење.“

**Назив на реформата:** 2.2.2.2. Дигитализација на јавните услуги
**Мерка:** Приклучување кон списокот на доверливи трети земји на ЕУ за валидацијата на електронски потписи како напредна електроника во ЕУ како прв чекор кон следење на меѓусебно признавање на квалификувани доверливи услуги; Достапни доверливи услуги и отпочнување на издавање квалификувани сертификати; Осигурување на спроведувањето услуги за е-идентитет и е-потпис за граѓаните и деловните субјекти
**Рокови:** декември 2025
**Буџет во евра:** 2,140,811.85 €
**Индикатори:** Степен на спроведување на рамката за Паричник за дигитален идентитет
**Извори на информации:** Список на доверливи трети земји на ЕУ за валидација на електронски потписи; Извештај за квалификувани сертификати; ревизии и проценки спроведени од националните власти
**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Влада, Министерство за внатрешни работи, Управа за водење на матичните книги, органи на државната Управа

**Напредок:** Советот на ЕУ усвои нова Рамка за европски дигитален идентитет (еИД) со цел да им се обезбеди на граѓаните и бизнисите во Унијата универзален пристап до сигурна и доверлива електронска идентификација и потврдување на автентичноста. Европските паричници за дигитален идентитет ќе им овозможат на сите граѓани пристапат до онлајн услуги со нивната дигитална идентификација, која ќе биде препознатлива низ цела ЕУ, без да користат други методи за идентификација или непотребно да споделуваат лични податоци. Системот ќе биде така воспоставен што ќе осигурува споделување само на неопходните информации. За земјите од Западен Балкан, првично е предвидено воспоставување на Балкански паричник за идентитет, односно развиените национални дигитални паричници за идентитет да бидат интероперабилни на регионално ниво.

Во член 3, став 53 од **Законот за електронските документи, електронска идентификација и доверливи услуги** се вели: „дигитален паричник е средство за електронска идентификација кое му овозможува на корисникот да чува податоци, овластувањата и атрибути поврзани со неговиот идентитет, да ги доставува на барање на засегнатите страни, да ги користи за автентикација, (онлајн и офлајн) како и за создавање на квалификувани електронски потпис и печат“.

Во октомври 2024 година, Министерот за дигитална трансформација, Стефан Андоновски, го најави проектот за изработка на владина мобилна апликација за административни услуги, наречена Super App ELI. Андоновски објасни дека апликацијата ќе овозможи секој граѓанин да пристапува до административни услуги преку својот мобилен телефон. Во рамки на овој проект се работи на воведување на дигитална верзија на лични карти и возачки дозволи, познати како мобилен паричник (ID Wallet).

## Клучни области на дигитализација со рок на завршување во 2026 и 2027 година

## Подобласт 2.2.1. Кибербезбедност

**Назив на реформата**: 2.2.1.1. Поставување сеопфатна рамка за киберотпорност (воведување барања од Директивата NIS2 и зајакнување на релевантните институции)
**Мерка:** Оперативни национални и владини CERT во согласност со барањата на NIS2 и со профил на зрелост според моделот SIM 3 за членство во FIRST.
**Рок:** јуни 2026
**Буџет во евра:** 4,281,623.70 €
**Индикатор за известување:** Опсегот до кој е поставена и оперативна сеопфатна рамка за киберотпорност во согласност со барањата на Директивата NIS2
**Извори на информации:** Службен весник, Акт за систематизација на CERT
**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Собрание, Службен весник

**Назив на реформата:** 2.2.1.1. Поставување сеопфатна рамка за киберотпорност (воведување барања од Директивата NIS2 и зајакнување на релевантните институции)
**Мерка:** Надлежниот орган во рамки на значењето на Директивата NIS2 е оперативен, доволно екипиран, опремен со надзорни овластувања, врши надзорни проверки. Финализирање на списокот на субјекти во опсегот на националното право согласно директивата NIS2.
**Рок:** јуни 2026
**Буџет во евра:** 6,422,435.55 €
**Индикатор за известување:** Опсегот до кој е поставена и оперативна сеопфатна рамка за киберотпорност во согласност со барањата на Директивата NIS2.
**Извори на информации:** Службен весник, Акт за систематизација на CERT, Список на субјекти поврзани со директивата NIS2 кој е завршен и доставен до Владата.
**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Влада, Службен весник

**Назив на реформата:** 2.2.1.1. Поставување сеопфатна рамка за кибербезбедност (воведување барања од Директивата NIS2 и зајакнување на релевантните институции)
**Мерка:** Рамките воведени со усогласувањето со NIS2 (рамка за CVD, рамка за управување со кризи) се воспоставени и се во употреба.
**Рок:** декември 2026
**Буџет во евра:** 2,140,811.85 €
**Индикатор за известување:** Опсегот до кој е поставена и оперативна сеопфатна рамка за киберотпорност во согласност со барањата на Директивата NIS2.
**Извори на информации:** Одлука на Влада, Извештаи до Влада
**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Влада

## Подобласт 2.2.2. Дигитализација

**Назив на реформата: 2.2.2.2. Дигитализација на јавните услуги**
**Мерка:** Воспоставување инфраструктура за складирање податоци и е-платформа за водење евиденција и архивско работење
**Рокови:** јуни 2026
**Буџет во евра:** 2,140,811.85 €
**Индикатори:** Опсегот до кој институциите имплементираат систем за управување со документи кој вклучува модули за складирање податоци и модул или е-платформа за архивско работење.
**Извори на информации:** Извештај до Владата за постојната инфраструктура
**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Влада, Државните архиви, Министерството за јавна администрација

**Назив на реформата: 2.2.2.2. Дигитализација на јавните услуги**
**Мерка:** Воспоставување единствен систем за управување со документи за сите институции на централно ниво
**Рокови:** декември 2026
**Буџет во евра:** 2,140,811.85 €
**Индикатори:** Опсегот до кој институциите имплементираат систем за управување со документи кој вклучува модули за складирање податоци и модул или е-платформа за архивско работење
**Извори на информации:** Извештај до Владата за статус на Централниот електронски регистар; Извештај до Владата за користење на систем за управување со документи (DMS)
**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Влада, Државен архив, Агенција за заштита на личните податоци, сите органи од јавниот сектор

**Назив на реформата:** 2.2.2.3. Проширување на понудата на јавни е-услуги понудени преку владината е-платформа и поедноставување на административните и електронските постапки
**Мерка:** Зголемување на понудата на е-услуги за 50% (подобри јавни услуги, фискален, здравствен сектор)
**Рокови:** јуни 2027
**Буџет во евра:** 6,422,435.55 €
**Индикатори:** Опсег до кој е-услугите се функционални
**Извори на информации:** Извештај до Влада за користење на порталот за е-услуги
**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Влада

**Напредок:** Порталот uslugi.gov.mk има освежен дизајн, како и ажурирана и проширена листа на е-услуги. Бројот на достапни услуги во 2024 година е 264[1], додека во моментот на пишувањето на оваа анализа, Националниот портал за е-услуги пријавуваше 309 електронски услуги и 164 електронски услуги на портал[2]. Но, потребно е да се нотира дека порталот треба да се унапредува

[1] Страница 73: https://www.mep.gov.mk/data/file/Reformska%20Agenda/MK%20Reform%20Agenda_MK.pdf
[2] Последно пристапено на 7.4.2025. Uslugi.gov.mk - Почетна

и промовира континуирано за да може да има поголема функционалност и искористеност. Сите услуги кои се нудат од институции и на локално и на национално ниво треба да бидат на едно место без да се креираат паралелни платформи со што само се прави забуна кај населението. Граѓаните имаат потреба од целосни и функционални е-услуги што значи дека сите услуги треба да бидат на едно место, да се добијат брзо и на безбеден начин, односно со воведена безбедност и приватност по дизајн, да може за услугата да се изврши директно преку порталот ако за неа е предвиден паричен надоместок, и истата да се добие електронски, како и добиените документи да бидат признаени од страна на сите релевантни тела.

Во однос на обезбедување на целосна дигитална инклузивност, Националната стратегија за правата на лицата со попреченост на Република Северна Македонија 2023-2030 година, предвидува активности за воспоставување на дигиталната пристапност, со особено внимание на соодветна имплементација на WCAG (Web Content Accessibility Guidelines) стандардот на сите веб страни што се од јавен и општ интерес на граѓаните.

Отпочнат е и процес за носење на Предлог-закон за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор кој беше објавен на ЕНЕР на 9 октомври 2024 што беше проследено со јавна расправа на 16 јануари 2025 година.

**Назив на реформата:** 2.2.2.3. Проширување на понудата на јавни е-услуги понудени преку владината е-платформа и поедноставување на административните и електронските постапки
**Мерка:** Поедноставување на административните и електронските постапки (подобрување на размената на податоци меѓу институциите, обезбедување документи по службена должност, ограничување на бројот на барања за секоја услуга) за сите услуги кои се достапни онлајн
**Рокови:** јуни 2027
**Буџет во евра:** 6,422,435.55 €
**Индикатори:** Извештај до Влада, информација од Министерство за дигитална трансформација
**Извори на информации:** Извештај до Влада
**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Влада

**Назив на реформата:** 2.2.2.1. Воведување безбедни дигитални инфраструктури
**Мерка:** Развивање безбедна мрежна инфраструктура за администрацијата (Спроведување физибилити студија за развој на централизирана владина дигитална инфраструктура и за безбеден центар и складирање податоци во облак за да се осигури безбедност на системот на јавната администрација итн.) Воспоставен е систем на опоравување од катастрофи со заштитни системи на ИТ-базите на податоците на други институции.
**Рокови:** декември 2027
**Буџет во евра:** 1,070,405.92 €
**Индикатори:** Подготвена инфраструктура за центарот за податоци; Информации до Влада за покриеноста на дигиталната мрежа; Физибилити студија за развој на централизирана владина дигитална инфраструктура
**Извори на информации:** Физичка инфраструктура за центарот за податоци и информации до Владата за покриеноста на дигиталната мрежа

**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Влада

**Назив на реформата:** 2.2.2.1. Воведување безбедни дигитални инфраструктури
**Мерка:** Усогласеност со алатката за кибербезбедност EU5G: Усогласеност со алатката за кибербезбедност UE5G, Подзаконскиот акт за безбедност за 5G е целосно спроведен и воведен од 5G мрежата и услугите според националната стратегија за широкопојасен интернет (стручност развиена од независниот орган задолжен да ја води аукцијата; започнување и завршување на на 5G аукцијата; вклучително и доделување фрекфенции на успешните наддавачи)
**Рокови:** декември 2027
**Буџет во евра:** 6,422,435.55 €
**Индикатори:** Ниво на усогласеност со алатката за кибербезбедност EU5G
**Извори на информации:** Службен весник (усогласеност со NIS2), Извештај за спроведување на EU5G, Извештај на Агенцијата за електронски комуникации
**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Агенција за електронски комуникации, Собрание, Влада, Службен весник
**Напредок:** Во 2024 година постоела делумна усогласеност, останува само уште една преостаната 5G фреквенција за која треба да се објави постапка за јавна набавка.

**Назив на реформата:** 2.2.2.2. Дигитализација на јавните услуги
**Мерка:** Спроведување Паричник за дигитален идентитет, вклучително како минимум новата Регулатива за европски дигитален идентитет; Потпишување и спроведување на Договорот за меѓусебно признавање (MRA) на доверливи услуги со другите земји од Западен Балкан; Учество во паричник за балкански дигитален идентитет
**Рокови:** декември 2027
**Буџет во евра:** 8,563,247.4 €
**Индикатори:** Степен на спроведување на рамката за Паричник за дигитален идентитет
**Извори на информации:** Регулатива за европски дигитален идентитет (Службен весник); Договорот за меѓусебно признавање (MRA) на доверливи услуги со другите земји од Западен Балкан
**Надлежна институција:** Министерство за дигитална трансформација
**Други вклучени институции:** Влада, Министерство за внатрешни работи, Управа за водење на матичните книги, други надлежни институции кои се задолжени за основните регистри во земјата
**Напредок:** Во октомври 2024 година, Министерот за дигитална трансформација Стефан Андоновски го најави воведувањето на дигитална верзија на лични карти и возачки дозволи преку проект за изработка на владина мобилна апликација за административни услуги, наречена Super App ELI. Оваа апликација има за цел да го подобри пристапот до јавните услуги и е со вкупна вредност од 1.200.000 евра добиени преку ЕУ програмата на Европската унија „Дигитална Европа“.

## Заклучок и препораки

Кога станува збор за дигитализација, Северна Македонија е исправена пред големи предизвици кои бараат континуирани напори.

За да се унапреди процесот на дигитализација, потребни се следниве мерки:

- **Зајакнување на спроведувањето на реформите** во согласност со потребите на граѓаните, што меѓу другото подразбира и вклучување на граѓанските организации како претставници на граѓаните како и други експерти во креирањето, спроведувањето и мониторирањето на реформите;
- **Зајакнување на институционалните капацитети** преку обуки, технолошки инвестиции и подобрена меѓуинституционална координација;
- Подобрување на транспарентноста и можноста за иновирање со дигитални решенија преку **отворени податоци**;
- **Паметно усогласување со европското законодавство**, прилагодено на локалниот контекст, наместо механичко преземање на законски решенија;
- **Интензивна и стратешка поддршка за дигитална писменост**, преку формални и неформални образовни програми прилагодени на сите групи на граѓани, со особен акцент на маргинализирани заедници.

Само преку координиран и одлучен пристап, Северна Македонија ќе може успешно да ги спроведе реформите и да го забрза својот пат кон Европската Унија. Дигитализацијата останува клучен фактор во овој процес, бидејќи овозможува поефикасни, потранспарентни и поодговорни институции во служба на граѓаните.

Бидејќи овие реформи директно ги засегаат граѓаните, неопходно е институциите да бидат поотворени за соработка со граѓанскиот сектор. Граѓанските организации нудат експертиза за поддршка на реформите и пристап до различни категории граѓани, обезбедувајќи нивно вклучување уште од фазата на осмислување на политики, па сè до нивната примена и евалуација. Само така можеме да изградиме дигитално зајакнат екосистем што вистински ќе им служи на граѓаните.

МЕТАМОРФОЗИС

Фондација за интернет и општество